# III.1 Вовед во митологија

## 1. Мит

Зборот **мит** потекнува од старогрчкиот збор μύθος (на латински mythus) и наједноставно се објаснува како **света приказна** којашто раскажува за настани поврзани со создавањето на светот, боговите, човекот и натприродните суштества (хероите, митолошките суштества, чудовиштата). Не постои посебен автор на некој мит, авторот е народот или заедницата. Митовите се стари приказни кои усно се прераскажувале од колено на колено.

Титанот Прометеј им го дава огнот на луѓето за да се заштитат од студ, за топлење на храна и производство на оружје.



## 2. Митологија

**Митологија** претставува збирка на митови или приказни распоредени според темите што ги обработуваат, а кои се дел од усната раскажувачка традиција на еден народ или култура. На пр.: **хеленската митологија** ја сочинува збирката на митови на старите Хелени, **римската митологија** ја сочинува збирката на митови на старите Римјани, **египетската митологија** на старите Египќани, **словенската митологија** на старите Словени, **средноамериканката митологија** на Маите, Ацтеките и Олмеците, **норвешка митологија** на старите германски племиња (Викинзи) и др.

## 3. Видови митови

Во светот има голем број на митови. Затоа истражувачите истите ги групирале според темите што ги обработуваат и ги поделиле на следните видови:

а) **Космогониски митови**, оние што раскажуваат за настанокот на вселената и светот;

б) **Теогониски митови**, оние што раскажуваат за создавањето и раѓањето на боговите;

в) **Есхатолошки митови**, оние што раскажуваат за крајот или уништување на светот;



г) **Култни митови**, оние што го објаснуваат негувањето на некој култ, изведувањето обреди, празнувањето, одржувањето свечености и сл. Тие раскажуваат и за животот и делото на хероите (полубоговите);

д) **Лунарни, соларни и астрални митови** кои раскажуваат за создавањето на небесните тела (Месечината, Сонцето и ѕвездите);

ѓ) **Вегетативни митови**, оние што ги објаснуваат промените кои настануваат во природата со смената на годишните времиња;

е) **Ајтиолошки митови**, оние што го објаснуваат потеклото на некои нешта како што се пченката, тутунот, водата, огнот, животните, растенијата, болестите и страдањата и др.

Многубожечката религија на Хелените и Римјаните настанала врз основа на хеленската митологија. Митовите им служеле како „верско четиво“ на Хелените и Римјаните. Не можејќи да си ги објаснат појавите и предметите во светот, овие стари народи создале митски приказни за да си објаснат како настанал светот, кога се родиле првите богови и луѓето, како се бореле хероите, од каде доаѓаат болестите и страдањата, кој го научил човекот да го создава огнот итн. Имено, тие длабоко верувале во тоа што го слушале од нивните предци, убедени дека боговите управуваат со нивните судбини. Хелените и Римјаните постојано им изразувале почит на боговите, се труделе да живеат исправно и побожно затоа што верувале дека така боговите ќе се смилуваат и ќе им помагаат да ги остварат своите потреби и желби.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND